ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 15/24



30.09.2024 година

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ: „ ПРОТЕТИКА" НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА ВО СОСТАВ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав Европски Универзитет Скопје на 210-та седница одржана на ден 17.04.2024 година, а во врска со распишаниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за наставно-научна област: „Протетика" (30407-Фраскатиева класификација), објавен во весникот „Вечер" на ден 22.04.2024 година, донесе Одлука за формирање на рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за наставно-научна област: „Протетика" (30407-Фраскатиева класификација), во состав:

1. Проф. д-р Владо Ванковски, претседател;
2. Проф. д-р Јадранка Бундевска; член
3. Проф. д-р Маја Поп Стефанова Трпоска, член.

По разгледување на поднесената документација, Рецензентската комисија, на Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје му го поднесува следниов:

## РЕЦЕЗЕНТСКИ ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конукурс на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски Универзитет Скопје, за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за наставно-научна област: „Протетика" (30407-Фраскатиева класификација) во предвидениот рок се пријави единствено кандидатот доц. д-р Соња Вујасин која ги приложи следниве документи:

- Пријава по конкурс;
- Професионална биографија (CV);
- Диплома за завршено соодветно образование (научен степен доктор на науки);
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- По еден примерок (копија) од 5 научни трудови, објавени во референтна научна публикација, согласно со Законот за високото образование, во последните 5 години пред објавување на конкурсот за избор;
- Доказ за претходен избор во наставно-научно звање - доцент;
- Документцаија за изведување високообразовна дејност.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Доц. д-р Соња Вујасин е родена на 23.02.1980 година во Скопје, каде што со одличен успех го завршува основното и средното образование. Дипломирала на Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитет "Св. Кирил и Методиј"- Скопје, во 2005 година со просечен успех 9,22.

Специјализација по Стоматолошка протетика во април 2009 година на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје и се стекнува со стручен назив Специјалист по стоматолошка протетика.

Во 2009 година е избрана за асистент на Факултетот за стоматологија во состав на Европскиот Универзитет во Скопје.

Од 2009 ангажирана е како специјалист по стоматолошка протетика на ПЗУ-Универзитетски стоматолошки клинички центар „ПРОФ. Д-Р БОЈО АНДРЕСКИ" Скопје.

Третиот циклус на докторски студии ги завршува со просечен успех 10 и докторската дисертација под наслов „Дистрибуција на оклузални вертикални сили кај дистално продолжени дентални мостови – метод на конечни елементи" ја брани во 2019 година и се здобива со научен степен доктор на стоматолошки науки од областа на Стоматолошка протетика.

Во 2019 година е избрана за доцент на **Факултетот за стоматологија** во состав на Европскиот Универзитет Скопје.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Од 2019 е Претседател на комисијата за транфер на студенти во состав на Европски универзитет.

Од 2022 година е дел од листата на испитувачи за испитна комисија за полагање стручен испит за доктори на стоматологија.

Во 2023 година од страна на Сенатот на Европскиот универзитет е избрана за Претседател на Универзитетскиот сенат при Европскиот универзитет.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Д-р Соња Вујасин со својата способност за едукација, искуство и стручност стекната преку долга студиска подготовка, стекнувајќи се притоа со три дипломи од прв, втор и трет циклус на студии, се покажа како важен член на академската заедница, а нејзиното учество во образовниот процес доста позитивно.

Од 2009 година како асистент активно ја изведува практичната настава по предметите:

- Анатомија на вилици и морфологија на заби
- Претклиничка мобилна протетика 1;
- Претклиничка мобилна протетика 2;
- Клиничка мобилна протетика 1
- Клиничка мобилна протетика 2
- Клиничка фиксна протетика 1
- Клиничка фиксна протетика 2
- Морфологија на заби за Виши забни техничари
- Тотална протеза за Виши забни техничари
- Парцијална протеза за Виши забни техничари

Од 2019 година се до денес активно ја реализира теоретската и практичната настава по следниве предмети:

- Анатомија на вилици и морфологија на заби
- Гнатологија
- Претклиничка мобилна протетика 1;
- Претклиничка мобилна протетика 2;
- Клиничка мобилна протетика 1
- Клиничка мобилна протетика 2
- Клиничка фиксна протетика 1
- Клиничка фиксна протетика 2
- Естетика во стоматологија
- Морфологија на заби за Виши забни техничари
- Парцијална протеза за Виши забни техничари
- Вилично лицева протетика за Виши забни техничари
- Скелетирана протеза 1 за Виши забни техничари;
- Скелетирана протеза 2 за Виши забни техничари.

Од 2022 година активно е вклучена и во наставата на англиски јазик.

Активно учествува и во изработката на следните Елаборатите за акредитации на студиски програми:

- ,,Стоматологија" прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии на Факултетот за стоматологија при Европски Универзитет - Република Македонија (2018 година);
- ,,Забни техничари" прв циклус тригодишни стручни студии на Факултетот за стоматологија при Европски Универзитет – Република Македонија (2018 година); ,,Стоматологија" прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии на англиски јазик на Факултетот за стоматологија при Европски Универзитет - Република Македонија (2019 година);
- ,,Дентална медицина" прв и втор циклус интегрирани петгодишние студии на албански јазик на Факултетот за дентална медицина при Европски Универзитет Скопје (2022 година);
- ,,Дентална медицина" прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии на македонски јазик при Европски Универзитет Скопје (2023 година).

Ментор е на повеќе од 40 диплпомски трудови и член во повеќе од 50 рецезентски комисии за оценка и одбрана на дипломски трудови, член во рецезентски комисии за избор во наставни звања -асистенти и рецезент на науни трудови.

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во својата научно-истражувачка дејност кандидатката своите резултати прегледно и систематски ги има презентирано како автор и коавтор во повеќе стручни и научни трудови публикувани во зборници на меѓународни и домашни научни собири и списанија. Може да се констатира дека кандидатката поседува забележителен капацитет за научно-истражувачка дејност, со желба и ентузијазам за уште поголем напредок.

Во досегашните избори на кандидатот рецензирани се следните стручни и научни трудови:

1. Т. Дејаноска, С. Дејаноска., К. Дејаноски. Management and protection of the gingival sulcus during tooth preparation and taking impression. 9-th Congress of the Balkan Stomatological Society, Ohrid 2004.

2. Т.Дејаноска, С.Дејаноска., К.Дејаноски, Б.Јосевски. Северин современи производи за стоматолошка хигиена. Стручен состанок на Здружение на докторите специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија. Кавадарци, 2008.

3. Б.Николовски, J.Марков, М.Стојаноска, Е.Радевска, С.Дејаноска, М.Стаменковска. Епидемиолошки осврт: 30 години со бруцелоза. Годишник на трудови, Европски Универзитет Република Македонија, 997-1008, 2009.

4. К.Дејаноски, С. Дејаноска, Е.Радевска, М.Стојаноска. Евалуација на употребната вредност на методите Willis и на Бојанов кај нашата популација. Годишник на трудови, Европски Универзитет Република Македонија, 989-996, 2009.

5. С.Дејаноска, К.Дејаноски, Т.Дејаноска, С.Китаноска. Влијанието на денталните атхезиви врз ретенцијата и стабилизацијата на тоталните протези. Годишник на трудови, Европски Универзитет Република Македонија, 1009-1018, 2009.

6. L.Popovska, S.Dejanoska, I. Kovacevska. Usage of Biozonix in endodontic therapy. International congress “Dentistry today” , Albanian stomatological society , May 2010, Struga , Macedonia.

7. T.Dejanoska, S.Dejanoska, K.Dejanoski, L.Popovska. New technology of ozone therapy in dentistry. International congress “Dentistry today” , Albanian stomatological society , May 2010, Struga , Macedonia.

8. В.Ванковски, С.Дејаноска, Д.Ангелеска. Стоматологијата денес – криза. Албанско стоматолошко друштво. Струга, 2012.

9. L.Popovska, S.Dejanoska. Antibacterial effects of gaseous ozone on endodontic pathogens. FDI 2013 Istanbul Annual World Dental Congress.

10. Vujasin S., Vankovski V., Dejanoska T. Indication for knife-edge preparation in prosthetics Zirconia restaurations. 1st International Congress in dental Prosthetics, Macedonian Dental Society; June, 2016.

11. S.Vujasin, J.Bundevska,V.Kokalanov, V.Vankovski, T. Dejanoska, Analysis of the distribucion of occlusal vertical stress in cantilever dental bridges – method of finite elements: a literature review. Macedonian dental review. 2018; 41(1-2): 35-41.

12. С.Вујасин, Ј.Бундевска , В. Кокаланов, Т.Дејаноска, В.Ванковски, К.Василева-Гешоска. Дистрибуција на оклузални вертикални сили кај мостовна конструкција со два носачи и дистално продолжен член. IDEA Int. J. Sci. Arts. 2019; 3(5): 227-236.

13. В.Ванковски, С.Вујасин, К.Василева-Гешоска, Т.Дејаноска. Стоматолошка супраструктура - причина за постимплантолошка компликација. IDEA Int. J. Sci. Arts. 2019; 3(5): 221-226.

14. К.В.Гешоска, В.Ванковски, А.Б.Грежловска, С.Вујасин. Евалуација на маргинална прецизност кај дентални естетски коронки. IDEA Int. J. Sci. Arts. 2019; 3(5): 245-252.

**Трудови објавени во последните 5 /пет/ години:**

За тековниот избор кандидатот ги достави следните трудови објавени во полседните 5 години:

1. Соња Вујасин, Тања Дејаноска, Маја Антанасова, Васко Кокаланов, Ирина Трајковска-Зареска. АНАЛИЗА НА ДИСТРИБУЦИЈАТА НА ОКЛУЗАЛНИТЕ ВЕРТИКАЛНИ СИЛИ КАЈ ЕДНОСТРАНИТЕ ДЕНТАЛНИ МОСТОВИ ПРИ СКРАТЕНА ЗАБНА НИЗА. IDEA Int. J. Sci. Arts. 7(2023)14: 175-184.UDC: 616.314-76-031.4

2. Соња Вујасин. ПОДЕЛЕНИ И НЕПОДЕЛЕНИ ФИКСНИ ПРОТЕТИЧКИ КОНСТРУКЦИИ. Предавач на повик: ПРИСТАП ВО СОВРЕМЕНИТЕ ПРОТЕТИЧКИ КОНСТРУКЦИИ. Симпозиум со меѓународно учество – МСД здружение на специјалисти по протетика, октомври 2021 година, Скопје

3. Dejanoska T., Dimoski G , Kapuševska B., Kokalanov V., Vujasin S. VON MISES STRESS ANALYSIS IN 3D ALL-ON-6 MODEL WITH 1:1 C/I RATIO АНАЛИЗА НА НАПРЕГАЊАТА ПО VON MISES КАЈ 3D МОДЕЛ ALL-ON-6 СО 1:1 СООДНОС. UDK: 616.314-089.843

4. Vujasin S., Bundevska J., Kokalanov V., Dejanoska T., Vankovski V. THE DISTRIBUTION OF OCCLUSAL VERTICAL STRESS IN SHORTENED DENTAL ARCHES WITH CROSS-ARCH DENTAL BRIDGES ДИСТРИБУЦИЈА НА ОКЛУЗАЛНИ ВЕРТИКАЛНИ СИЛИ КАЈ МАЛКУ СКРАТЕНИ ЗАБНИ НИЗИ СО МОСТОВНИ КОНСТРУКЦИИ. Македонски стоматолошки преглед. ISSN 2545-4757, 2019; 42 (3): 98-105. UDC: 616.314-76

5. Dejanoska T., Kapuševska B., Kokalanov V., Bundevska J, Vujasin S. ANALYSIS OF CROWN/IMPLANT RATIO ON IMPLANTS STABILITY. АНАЛИЗА НА СООДНОСОТ КОРОНКА/ИМПЛАНТ ВРЗ СТАБИЛНОСТА НА ИМПЛАНТИТЕ. Македонски стоматолошки преглед. ISSN 2545-4757, 2019; 42 (4): 115-120. UDC: 616.314-089.843.

6. Vujasin S., Dejanoska T., Dimitroska S., Belazelkovska-Grezhlovska A. THE INFLUENCE OF THE NUBMER OF LOADED TEETH ON THE DESTRIBUTION OF OCCLUSAL VERTICAL FORCES IN ONESIDED DENTAL BRIDGES WITH ONE DISTAL CANTILEVER. Apolonia 54-55, 2024; 52-63. UDK: 616.314-008.28

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од извештајот, професионалниот развој, предложениот список на стручни и научни трудови што д-р Соња Вујасин ги достави, може да се заклучи дека кандидатката има солидна стручна, научна и едукативна активност. Трудовите имаат значајна теоретска и практична вредност. Следејќи го професионално-еволутивниот подем на Доц. д-р Соња Вујасин, се гледа исклучително позитивен развој во наставно-образовната, научно-истражувачката и стручната апликативна дејност.

Врз основа на анализа и оценка на приложената документација и целокупната научна и наставна активност на кандидатката, констатиравме дека кандидатката доц. д-р Соња Вујасин, која се пријави на конкурсот за избор на наставник ги исполнува формалните и суштински критериуми и услови за избор на наставник во наставно-научно звање ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР за наставно-научна област на Протетика (30407 - Фраскатиева класификација) на Факултетот за дентална медицина при Европскиот универзитет Скопје.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина при Европскиот универзитет Скопје, **д-р Соња Вујасин** да се избере во наставно-научно звање **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** за наставно-научна област по Протетика (30407- Фраскатиева класификација).

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Владо Ванковски -претседател** ______________________

**Проф. д-р Јадранка Бундевска - член** ______________________

**Проф. д-р Маја Поп Стефанова Трпоска - член** ______________________